РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 07-7068/1
24 09 2008 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 31 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *солфеж* за шестгодишното основно музичко и балетско образование.

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# СОЛФЕЖ

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО
МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

# 1. ВОВЕД

Во шестгодишното основно музичко училиште можат да се запишат ученици кои наполниле 8 години.
На приемниот испит се проверуваат музичките способности на учениците: слухот, чувството за ритам и мелодиските контури, музичката меморија.

Наставниот предмет *солфеж* е застапен во сите години на шестгодишното основно музичко образование. Во I година наставата по солфеж е единствениот наставен предмет кој се изучува. Со оглед на возраста на учениците целта на наставата во шестгодишно основно музичко образование е да се овозможи комплексен музички развој на учениците: развој на музичките способности преку активно вклучување во музицирањето (пеење, свирење), стекнување на неопходни знаења од областа на музичката писменост, запознавање со различни сегменти на музичката култура преку слушање музика и посета на музички приредби, пројавување на креативни способности. Со тоа, наставата по солфеж треба да придонесе за поттикнување желба кај учениците активно да се занимаваат со музиката и да ги подготви за понатамошното свирење инструмент. Наставните теми на предметот – Мелодика и Ритмика – се тесно поврзани меѓу себе и даваат широки можности за меѓусебно интегрирање. Нставата по солфеж треба да вклучува и активности базирани врз слушање музички дела, со цел да се развива музичката перцепција, да се доживуваат музичките изразни средства, карактер, ритам. Наставата се изведува во групи по 9 - 15 ученици. На крајот од учебната година секој ученик учествува на јавен настап во училиштето.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно (часот трае 45 мин.)
- **Статус на предметот: задолжителен.**

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

Ученикот/ученичката:

- да ја доживее убавината на музиката;
- да стекнува љубов кон класичната музика;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ги развива музичките способности;
- да ја развива креативноста;
- да препознава нотен текст, музички термини и ознаки;
- да применува правилна вокална интерпретација;
- да развива опсег на глас;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да знае да репродуцира нотен текст (ритмички и мелодиски);
- да развива способност за солфежурање a vista;
- да го развива внатрешниот слух;
- да го развива хармонскиот слух;
- да ја развие музичката меморија и вниманието;
- да развива способност за запишување на нотниот текст;
- да осознае тонална функција;
- да препознава елементи на музичката форма (мотив, фраза, реченица, период);
- да стекнува умеење да тактира во ритам;
- да стекнува умеење течно да интерпретира мелодиска линија;
- да стекнува умеење за повеќегласно пеење;
- да знае да репродуцира нотен текст на ДМИ (ритмички и мелодиски);
- да се ослободи од стрес, емоционална напнатост преку музичките активности;
- да покажува интерес и желба за изведување на музичките активности;
- да стекне самодоверба во извршувањето на музичките активности;
- да развива аудитивна и тактилна перцепција;
- да го открива и почитува сопствното музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;

- да ги слуша внимателно искажувањата на другите (упатствата на наставникот, идеите на соучениците и сл.);
- да ги извршува дадените задачи;
- да комуницира и соработува со врсниците и другите;
- да се поттикнува за работа во пар и во група;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесувањето во колективните музички активности, како и во потесната и пошироката средина (одделението, училиштето);
- да го развива чувството на одговорност во тимското работење;
- да покажува толеранција;
- да покажува подготвеност да му помогне на другиот;
- да се воведува во користењето на информативната компјутерска технологија во музичките активности.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да развива навика за култивирано пеење (умерено пеење, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- да развива способност за пеење на песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да го проширува опсегот на гласот;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да развива способност за следење интонација од инструмент;
- да развива музичка меморија;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива осет за музичката изразност;
- да развива осет за ритам;
- да стекнува умеење да следи ритам (со плескање, тактирање);
- да изведува движења во музичко - ритмичките активности усогласено со музиката;
- да ги усвои неопходните музичко-теориски поими;
- да се ориентира во просторот;

- да свири со некои детски музички инструменти;
- да ги препознава, именува и запишува нотите од скалите C-dur, a-moll (трите видови), G-dur, F-dur;
- да ги доживува разликите на звучењето на дурската и молската скала;
- да ги доживува разликите на звучењето на трите видови на молската скала;
- да го разбира начинот на градењето на дурската и молската скала (трите вида);
- да може самостојно да испее полесна мелодиско-ритмичка вежба по ноти во наведените скали;
- да стекнува умеење за солфежирање a vista;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: МЕЛОДИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да го проширува искуството за музичката уметност;<br>- да развива музички слух;<br>- да развива пејачки глас;<br>- да применува елементи на правилна вокална;<br>интерпретација при пеење песни и вежби;<br>- да развива способност за меморирање на мелодија и текст на песна;<br>- да ги доживува и сфаќа содржина и карактер на песната;<br>- да доживува високи и ниски тонови и мелодиско движење надолу - нагоре;<br>- да развива способност за прецизно интонирање на тоновите од основната скала;<br>- да го сфаќа поимот скала<br>- да го разбира и применува | - Звук и тон<br><br>- Пеење детски и народни песни по слух со текст и со имињата на тоновите<br><br>- Висина на тонот (преку визуелна слика на петтолинието и фономимија)<br><br>- Музичките симболи (петтолиние,клуч, нота, пауза)<br>- Ноти од основната скала<br>- Скала **C-dur** (со функции и | - Звук<br>- Тон<br><br>- Високи тонови<br>- Ниски тонови<br>- Нагоре<br>- Надолу<br><br>- Петтолиние<br>- Виолински клуч<br>- Нота<br>- Помошна линија<br>- Скала<br>- Основна скала<br>- Скала C-dur<br>- Тетракорд | - Воочување на разликите меѓу звук и тон преку демонстрација на разновидни примери (звуците од природата и околината и музичките тонови – пеење, звучење на инструменти и музички фрагменти) и примена на сознанија стекнати со претходното музичко искуство;<br>- пеење песни со текст и со именување на тоновите.<br><br>- Доживување на регистри (висок, среден, низок) преку слушање музички дела (пр.: Чајковски: „Детски албум” - „Чучулига” за доживување на висок регистар);<br>- доживување на високи и ниски тонови и движење надолу-нагоре со помош на фономимија;<br>- откривање на тоновите од основната скала и начинот на нивното запишување преку приказни, слики и сл.;<br>- препознавање на тоновите по слух;<br>- пеење и свирење по слух на едноставни мелодиски модели (наставникот пее на неутрален слог, а учениците повторуваат со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| нотното писмо;<br>- да стекнува умеења за пеење по ноти;<br>- да развива способност за читање на нотен текст;<br>- да развива способност за солфежирање a vista;<br>- да развива чувство за пеење во групи (канон);<br>- да утврдува функции на стапалата;<br>- да ги разликува на слух дурската и молската скала (трите вида);<br>- да препознава по слух дур и мол во детски песни и музички примери;<br>- да развива музичка меморија;<br>- да развива внатрешен музички слух;<br>- да ги препознава и применува основните видови на брзината и јачината во музичките примери и сопствената изведба;<br>- да го препознава и применува знакот за повторување;<br>- да се воведува во | каденци)<br><br>- Пеење по ноти (солфежирање) во **C-dur**<br><br>- Скала **a-moll** (со функции и каденца)<br><br>- Знаци за промена на висината на тонот | - Стапало<br>- Цел степен и полустепен<br>- Латински имиња на тоновите<br>- Дурска скала<br><br>- Солфежирање<br><br>- Молска скала<br>- Видови на молска скала<br>- Природен вид<br>- Хармонски вид<br>- Мелодиски вид<br>- Знаци за промена на висината на тонот<br>- Повишувалка (диес) | именување на тоновите или со свирење на металофон, ксилофон, ѕвончиња);<br>- поставување на скалата C-dur, воочување на нејзините карактеристики (број на тоновите, распоред на цели и полустепени, стапала), претставување на тоновите на клавијатура (бели клавиши), претставување на скалата C-dur како основна скала; пеење на функции, каденца, различни комбинации на стапалата и мелодиски модели.<br><br>- Солфежирање на едноставни вежби и канони во C-dur (појаснување на нотниот текст, читање парлато, солфежирање со и без придружба на инструмент; да се внимава на тактирањето!).<br><br>- Свирење по ноти на едноставни вежби во C-dur на металофон, ксилофон, ѕвончиња.<br><br>- Откривање на скалата a-moll и нејзините 3 вида.<br>- Откривање на повишувалка и разрешувалка преку споредување на мелодиските модели засновани на горниот тетракорд од хармонскиот и мелодискиот вид. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| транспонирање (усно и писмено). | - Скала **G-dur** (со функции и каденца)<br><br>- Скала **F-dur** (со функции и каденца)<br><br>- Пеење по ноти (солфежирање) во **C-dur, a-moll, G-dur, F-dur**<br>- Свирење на металофон, ксилофон, ѕвончиња по слух и по ноти<br><br>- Јачина | - Снижувалка (бемол)<br>- Разрешувалка (бекар)<br>- Предзнаци<br><br>- Јачина<br>- Силно - форте (f)<br>- Тивко - пијано (p) | - Поставување на скалата G-dur како уште една дурска скала. Воочување и откривање на тонот фа диес (fis). Воочување на поимот предзнак.<br><br>- Поставување на скалата F-dur како уште една дурска скала. Воочување и откривање на тонот си-бемол (b). Примена на поимот предзнак.<br><br>- Солфежирање и свирење по ноти на ДМИ на едноставни вежби, примери од литература и канони во сите изучени скали.<br><br>- Меморирање на изучените вежби и примери и изведба напамет.<br><br>- Запишување на пократки и полесни вежби по сеќавање (подготовка за диктат).<br><br>- Солфежирање на вежбите со примена на мисловно пеење на нивните фрагменти.<br><br>- Откривање на поимот јачина и основните видови на јачината преку музички примери.<br><br>- Препознавање на основните видови на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | јачината во музичките примери.<br><br>- Солфежирање и свирење на ДМИ по ноти со примена на знаците за јачината. |
| | - Брзина | - Брзина<br>- Бавно<br>- Умерено<br>- Брзо | - Откривање на поимот брзина и основните видови на брзината преку музички примери.<br><br>- Препознавање на основните видови на брзината во музичките примери.<br><br>- Солфежирање и свирење на ДМИ по ноти со примена на знаците за брзината. |
| | - Пеење и свирење лесни канони по слух и по ноти | - Канон | - Пеење (свирење) на канон чијашто мелодија е претходно научена како едногласна песна или вежба. Наставникот треба да внимава учениците да се слушаат меѓу себе. |
| | - Знак за повторување (поим и визуелен симбол) | - Знак за повторување | - Совладување на знакот за повторување преку пеење песна со текст и со именување на тоновите и нејзиното запишување. |
| | - Елементи на транспонирање | - Транспонирање | - Транспонирање на лесните примери усно (пеење, свирење) и писмено<br>- игри и квизови за утврдување на совладаните поими. |

| Тема: РИТМИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученик/Ученичка:<br>- да развива чувство за ритам<br>- да ја доживува и применува рамномерната пулсација (со плескање на раце, чекорење, свирење на Орфови инструменти – ритмички и др.);<br>- да го осознава и применува броењето и тактирањето;<br>- да доживува, воочува и разликува дводелен и троделен метар<br>- ритмички да изговара бројалки, брзозборки и текстови од песничките;<br><br>- да го доживува различното траење на тоновите во музиката;<br>- да ги препознава и применува нотните вредности и паузи (цела, половина,четвртина, половина со точка, осмина;<br>- да го препознава тактот во нотниот текст; | - Рамномерна пулсација<br><br>- Дводелност (броење еден-два) и триделност (броење еден-два-три) | - Ритам<br>- Броење<br>- Удар | - Воочување на пулсацијата во слушаните музички примери (пр. Чајковски: „Детски албум” - „Марш на дрвените војничиња” и „Валс”) и нејзината изведба со плескање со раце, тропкање со нозе, музичко-ритмички движења (чекорења, потскокнувања), свирење на Орфови инструменти (ритмички).<br><br>- Воочување на 2-делен метар: учениците се делат во 2 групи. Наставникот ја свири на пијано претходно научената песна, 1-та група чекори рамномерно и ја пее песната со текст, 2-та група плеска со раце и брои „еден-два...”. Потоа групите ги менуваат улогите.<br><br>- Воочување на 3-делен метар: учениците се делат во 2 групи. Наставникот ја свири на пијано претходно научената песна, учениците од 1-та група играат валс во парови и ја пејат песната, учениците од 2-та плескаат со раце (тропкаат со нозе) и бројат „еден-два-три...”. Потоа групите ги менуваат улогите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да препознава силно и слабо тактово време;<br>- да стекнува умеења за ритмичко читање (парлато) на нотниот текст;<br>- да развива способност за прецизно изведување на ритамот;<br>- да следи мелодија со свирење на Орфови инструменти (ритмички)<br>- да доживува, препознава и применува појава на синкопа и преттакт;<br>- да доживува промена на метар на слух во музичките примери;<br>- да препознава и применува промена на тактот во сопствената изведба (солфежирање и свирење на ДМИ);<br>- да го развива чувството за ритмичко повеќегласје. | - Доживување и воочување на еднакви, пократки и подолги траења преку ритмичко изговарање на бројалки, брзозборки и текстови од песничките.<br><br>- Нотни вредности:<br>цела нота<br>половина нота<br>четвртина нота<br>половина со точка<br>осмина<br>четвртина со точка<br>- паузи со исто траење<br>- основна единица за броење: четвртина нота<br>- дводелна поделба на | - Бројалка<br>- Брзозборка<br>- Еднакво траење<br>- Подолго траење<br>- Пократко траење<br><br>- Цела<br>- Половина<br>- Четвртина<br>- Половина со точка<br>- Осмина<br>- Четвртина со точка<br>- Паузи (исти вредности) | (Во двата примера учениците од 2-та група наместо плескање со раце може да свират на Орфови инструменти – ритмички. Наставникот треба да го нагласува силното време во својата изведба и да внимава учениците при броењето и придружните активности, исто така, да го нагласуваат силното време.)<br><br>- Воочување на различни траења на слоговите преку ритмичко изговарање на бројалките, брзозборките и текстовите од песничките придружено со со плескање со раце, тропкање со нозе, музичко-ритмичките движења, свирење на Орфови инструменти – ритмички.<br><br>- Совладување на нотните вредности и паузи преку слики и апликации. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | мерната единица (пр-ва – вто-ра...) | | |
| | - Тактови 2/4, 3/4, 4/4 | - Тактова црта и такт<br>- Тактово време<br>- Нагласено време<br>- Ненагласено време<br>- Тактирање | - Воочување на тактот врз основа на претходните активности за 2-делност и 3-делност со помош на приказни и слики. |
| | - Синкопа | - Синкопа | - Воочување на синкопа по слух во музичките примери (полка). Изведување на синкопа по слух со плескање на рацете и/или тропкање со нозете. Воочување на начинот на запишување на синкопа. |
| | - Преттакт (во трајност на време) | - Преттакт | - Воочување на предтакт (Преку учење по слух и запишување на соодветна песна во чијшто текст акцентот е на 2-от слог. Учениците треба да го поврзат акцентот во текстот со силното време во тактот и со тоа да ја воочат појавата на предтактот). |
| | - Знаци за продолжување на траењето – лак, корона | - Знаци за продолжување на траењето - лак, корона | - Воочување на знакот за продолжување на нотната вредност – лак во едноставни примери. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Воочување на знакот за продолжување на нотната вредност – корона во едноставни примери. |
| | - Ритмичко читање на нотен текст (парлато) | - Ритмичко читање (парлато) | - Читање парлато на едноставни примери со тактирање. |
| | - Свирење со Орфови инструменти (ритмички) | - Орфови инструменти | - Свирење на едноставни примери (запишани на една линија) на Орфови инструменти – ритмички. Пред да се отсвири, примерот може да се изговори парлато на неутрален слог „та" со тактирање. Оваа активност може да се изведува во 2 групи: 1-та група свири, 2-та изговара парлато со тактирање. |
| | - Изведување на едноставни ритмички партитури со различни делници | | - Свирење на ДМИ и изговарање парлато во групи (секоја група – свој ритам). |
| | - Промена на такт (2-делност – 3-делност) | - Промена на броење | - Воочување на промена на метарот на слух во музичките примери. (Наставникот во свирење на песничка или музички пример прави метричко варирање, комбинирајќи 2делност и 3делност, а учениците бројат на глас "пр-ва – вто-ра", односно, "пр-ва – вто- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Помена на такт | ра – тре-та”).<br><br>- Вочување и примена на промената на тактот во вежби за солфежирање и свирење на ДМИ.<br><br>- Ири и квизови за утврдување на совладаните поими. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Со оглед на возраста на учениците часот по солфеж треба да вклучува различни видови на музички активности.
- Наставните теми *Мелодика* и *Ритмика* се тесно заемно поврзани, затоа процесот на совладување на одредени проблеми посочени во една од темите често пати треба да се одвива преку интеграција со другата тема (на пример, совладувањето на ритмичките проблеми во примерите за солфежирање и свирење на ДМИ).
- Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, композиции за деца од тип на „Детски албуми”, музика од други стилови и жанрови) и снимена за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, мелодиски модели).
- Се препорачуваат музичко-ритмичките движења за доживување на римичките карактеристики на музиката
- Се препорачува користење на ДМИ за поставување на тоновите од основната скала, совладување на ритамот, координацијата на движењата на рацете, просторната ориентација.
- Учениците треба да навикнуваат на солфежирање и изведба на ДМИ по ноти со почитување на сите ознаки (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање, со тактирање при пеењето.
- Учениците од прво одделение треба да ги совладуваат ритмичките елементи преку игри.
- За полесно снаоѓање во петтолинието да се употребуваат креди во боја (секоја нота во различна боја).

- За попрецизно (пословито) интонирање на тоновите да се применува фономимијата.
- Иако во I година на шестгодишното основно музичко образование не е предвидена наставната тема Диктат, наставникот може да изведува активности од тип на лесен устен диктат базирани на меморирање и пеење со именување на тоновите (свирање на Орфови инструменти) на кратки мелодиски, односно ритмички мотиви
- Наставникот по солфеж во соработка со раководството на училиштето и наставниците по инструменти треба да ги координира активностите сврзани, од една страна, со запознавањето на училиштето и неговите простории (училниците, концертната сала, библиотеката итн.), а, од друга страна – со организацијата и следењето на едукативно-уметничките активности. Во текот на целата учебна година за учениците во 1 година треба да се организираат мали едукативни концерти во концертната сала со појаснување на начин на однесување, запознавање со музичарите-изведувачи и претставување на музичките инструменти, утврдување на улогата на слушателите на концертот и создавање предизвик да се научи убаво да се свири и да се пее.
- При изборот на инструментите кои треба да им се презентираат на учениците предност да им се даде на инструментите предвидени за изучување во шестгодишното образование (класична гитара, кларинет, саксофон, флејта, обоа, труба, тромбон, хорна, удирачки инструменти, хармоника) и, се разбира, препознатливите инструменти од други групи (пијано, виолина, виола, виолончело). Како и посетата на концертите, редовно низ целата учебна година треба да се одвива и слушањето на разновидна музика на часовите.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови:*

Мелодика 42 часа; Ритмика 30 часа.

➢ **Наставни средства:**
- учебник по избор на наставникот, одобрен од страна на министерот;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- детски музички инструменти;
- дидактички средства и материјали;
- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се препорачува одржување на јавен час отворен за родителите и другите наставници на кој учениците би имале можност да ги претстават активностите застапени во текот на учебната година и своите постигнувања.

Оценувањето е описно (со краток опис) за постигањата на ученикот.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на нормативот донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во прва година може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија;
- факултет за музичка уметност – оддели за:
    - композиција;
    - диригирање;
    - музикологија;
    - етномузикологија.

(Приоритетноста е според горенаведениот редослед.)

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗРАБОТИ СТРУЧНИОТ ТИМ:

1. д-р Ивица Зориќ, ДМУ „Тодор Скаловски – Тетоец” – Тетово, ФМУ - Скопје
2. м-р Викторија Коларовска - Гмирја, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност- Скопје
3. Весна Димчевска, професор во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј” - Скопје
4. Виолета Апостолова, професор во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј” - Скопје
5. Анкица Витанова, советник за музичко образование и музичка уметност, БРО - Скопје

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по музичко образование за прво одделение во шестгодишното основно музичко и балетско образование ја донесе

Министер

______________________

на ден ______________________

Скопје